Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-846/4
06. 02. 2020 2020 година
Скопје

Врз основа на член 40 став 1 точка а) алинеа 1 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РСМ" бр.24/19) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), со овластување на министерот за правда, заменикот министер донесе

# ОДЛУКА
## за набавка на легитимации за извршители изработени по предлог дизајн на Министерство за правда

**Член 1**

Министерство за правда донесе одлука за набавка на легитимации за извршители изработени по предлог дизајн на Министерство за правда.

**Член 2**

За реализација на набавката од член 1 од оваа одлука потребни се средства во износ од 20.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 3.600,00 денари, односно 23.600,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Средства се обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 423990.

**Член 4**

Набавката на стоката од точката 1 на оваа одлука се врши без спроведување на постапка за јавна набавка согласно член 40 став 1 точка а) алинеа 1 од Законот за јавни набавки, односно за овој предмет на набавка не се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерство за правда има потреба од набавка на легитимации за извршители изработени по предлог дизајн на Министерство за правда, наведени во член 1 од оваа одлуката. Предлог дизајнот е во прилог на оваа одлука.

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа одлука.

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Доставено до:**
- Сектор за финансиски прашања
- Архива

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**По овластување на Министер за правда**
**Заменик Министер**
**Оливер Ристовски**

Подготвил: Насер Ќамили Самостоен Референт
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение
Одобрил: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор